Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК

## ОД 8–ТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 26 ЈАНУАРИ 2016 ГОДИНА

Изготвил
Неда Џочкова

**ЗАПИСНИК**
од осмата седница на Државната изборна комисија

Осмата седница на Државната изборна комисија се одржа на 26 јануари 2016 година во салата за седници во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 14.30 часот.

На седницата присуствуваа:

**Александар Чичаковски** - Претседател на Државната изборна комисија
**Рецеп Прекопуца** – Потпретседателот на Државната изборна комисија.
**Атанас Урумов**- Член на Државната изборна комисија
**Силвана Бонева** - Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев** - Член на Државата изборна комисија
**Субхи Јакупи**- Член на Државата изборна комисија
**Виолета Дума** – Член на Државната изборна комисија
**Игор Милев**- Член на Државната изборна комисија, и
**Бедредин Ибраими**- Член на Државната изборна комисија, и
**Добре Јанчев**- Генерален секретар на Државната изборна комисија.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Александар Чичаковски.

За оваа седница беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на оперативен план за преземање на активности во функција на вршење на вкрстени проверки со базите на податоци добиени од други државни институции;

2. Утврдување на услови кои треба да ги поседуваат ИТ компаниите за вршење на вкрстени проверки;

3. Предлог Правилник за внатрешна организација и делокруг на работа на Стручната служба на Државната изборна комисија ;

4. Предлог Правилник за систематизација на работните места на Стручната служба на Државната изборна комисија,

5. Заклучок за објавување на оглас за вработување на десет извршители на определено време во траење до 31.12.2016 година и

6. Разно.

Членот на ДИК, Игор Милев даде забелешка дека во втората точка до зборот ИТ компаниите, треба да се додаде и зборот експертите. Забелешката беше прифатена од останатите членови на ДИК.

Со оглед на тоа дека немаше предлози за измена и дополнување на дневниот ред Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, истиот го стави на усвојување:

Комисијата едногласно го усвои дневниот ред.

**Точка 1**

Образложение по Оперативниот план за преземање на активности во функција на вршење на вкрстени проверки со базите на податоци добиени од други државни институции, даде Претседателот на ДИК Александар Чичаковски, при што тој појасни дека станува збор за податоци кои ДИК ги добива од десет институции кои експертите веќе ги посетиле. Претседателот збор му даде на државниот советник Благоја Стојковски.

Државниот советник истакна дека се работи за документ кој е изготвен од страна на експерти по информатичка технологија во насока на организациско – техничка подготовка за имплементација на Правилникот за вкрстени проверки во кој се наведени сите чекори кои треба да се преземат за да се почне со вкрстените проверки. Правилникот е доставен до политичките партии и сеуште се чека согласност од истите. Во оперативниот план на техничко ниво се наведени сите чекори за да се премине кон имплементација на Правилникот. Во Оперативниот план се наведени институциите, работните задачи кои произлегуваат, видот на податоци кои ќе се преземаат, ризиците итн.

За збор се јави членот на ДИК, Силвана Бонева, која истакна дека членовите на ДИК се запознаени со Оперативниот план и со активностите кои експертите секојдневно ги извршуваат.

Со оглед на тоа дека немаше забелешки на текстот на Оперативниот план, истиот беше ставен на усвојување.

**Комисијата едногласно го усвои Оперативниот план за преземање на активности во функција на вршење на вкрстени проверки со базите на податоци добиени од други државни институции.**

**Точка 2**

Во однос на втората точка за утврдување на услови кои треба да ги поседуваат ИТ компаниите / експертите за вршење на вкрстени проверки, Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски објасни дека идејата е ИТ консултантите да помогнат во организационо – техничката подготовка на процесот на вкрстени проверки, додека самата имплементација да ја вршат три ИТ тимови избрани од страна на Државната изборна комисија. За да се избегне субјективниот момент, да се добие компаративен пристап кон податоците, решено е самата имплементација да ја вршат три ИТ тимови. По консултација со ИТ консултантите кои до сега беа користени за имплементирање на двете методологии кои треба да се усвојат по добивањето согласност од четирите политички партии, треба да се влезе во процес на селекција и избор на трите ИТ тимови. Предлогот е два ИТ тимови да бидат формирани од поединци именувани од кредибилни ИТ компании, додека едниот тим да биде меѓународен, односно предложен од ИФЕС. Во документот кој е поделен на членовите се наведени условите кои тимовите треба да ги исполнуваат.

За збор се јави членот на ДИК, Субхи Јакупи, даде предлог да се даде име на документот кој ќе гласи Услови кои ИТ компаниите / експертите за вршење на вкрстени проверки.

Предлогот беше ставен на гласање и едногласно беше усвоен од страна на сите девет членови.

Членот на ДИК, Сашо Срцев, укажа дека условите кои се наведени од страна на ИТ консултантите се на доста високо ниво и дека според него тука влегуваат и факултетите, како што се ФИНКИ и други факултети од оваа област.

Со оглед на тоа дека немаше забелешки на условите кои треба да ги поседуваат ИТ компаниите / експертите за вршење на вкрстени проверки, предлогот беше ставен на усвојување.

Комисијата едногласно ги усвои условите кои треба да ги поседуваат ИТ компаниите / експертите за вршење на вкрстени проверки, предлогот беше ставен на усвојување.

**Точка 3**

Образложение во однос на точка 3 - Предлог Правилник за внатрешна организација и делокруг на работа на Стручната служба на Државната изборна комисија даде Генералниот секретар на Државната изборна комисија, Добре Јанчев, кој ги појасни Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација.

За збор се јави членот на ДИК, Бедредин Ибраими кој даде објаснување дека во досегашната систематизација предвидени се 163 извршители, додека со новиот Правилник систематизирани се 152 работни места. Идејата е да се стави до знаење дека Државната изборна комисија со направените измени има за цел да се дополни со извршители на клучните работни места како што е Секторот за информатичка технологија.

Со оглед на тоа дека никој не се јави за збор, Предлог Правилникот за внатрешна организација и делокруг на работа на Стручната служба на Државната изборна комисија беше ставен на усвојување.

**Комисијата го усвои едногласно Предлог Правилникот за внатрешна организација и делокруг на работа на Стручната служба на Државната изборна комисија и Претседателот ја задолжи Стручната служба да го достави истиот до Министерството за информатичко општество и администрација на согласност.**

**Точка 4**

Во врска со точката 4 - Предлог Правилник за систематизација на работните места на Стручната служба на Државната изборна комисија,

Со оглед на тоа дека никој не се јави за збор, Предлог Правилникот за систематизација на работните места на Стручната служба на Државната изборна комисија беше ставен на усвојување.

**Комисијата го усвои едногласно Предлог Правилникот за систематизација на работните места на Стручната служба на Државната изборна комисија и Претседателот ја задолжи Стручната служба да го достави истиот до Министерството за информатичко општество и администрација на согласност.**

**Точка 5 – Заклучок за објавување на оглас за вработување на десет извршители на определено време во траење до 31.12.2016 година**

Образложение по оваа точка даде Генералниот секретар Добре Јанчев, кој истакна дека беше добиена согласност од Министерството за финансии за вработување на 10 извршители на определено време. Оваа постапка ќе се води согласно Законот за работни односи. Тој предложи да се донесе заклучок огласот веднаш да биде објавен.

Со оглед на тоа дека никој не се јави за збор, Заклучокот за објавување на оглас за вработување на десет извршители на определено време во траење до 31.12.2016 година беше ставен на усвојување.

**Комисијата го усвои едногласно Заклучокот за објавување на оглас за вработување на десет извршители на определено време во траење до 31.12.2016 година и го задолжи Генералниот секретар веднаш истиот да го објави.**

Точка 6 – Разно

За збор се јави членот на ДИК, Бедредин Ибраими, кој истакна дека денес беше добиен списокот на гласачи од Државниот завод за статистика. Избирачите се распоредени во 6 изборни единици, од кои ИЕ 6 го надминува дозволениот лимит од 5%. Министерството за правда како предлагач на измени на Изборниот законик, треба да ги има бројките во предвид и тоа треба да се заложи да се постигне отприлика приближен број на гласачи. Другата опција пак е да се избрише лимитот од 5%, односно секоја изборна единица да избира соодветен број на пратеници во зависност од нејзиниот број на гласачи. Тој истакна дека неговиот предлог е да се укаже на ресорното министерство да се направи обид да се постигне приближен број на гласачи по изборни единици.

За збор се јави членот на ДИК, Субхи Јакупи, кој предложи дека како точка на дневен ред треба да се стави моменталната состојба на Избирачкиот список и да се донесе заклучок истиот да се стави на веб страната на ДИК, од каде секојдневно граѓаните ќе може да прават проверки. Заклучно со 01.12.2015 година се добиени податоците за Избирачкиот список. Во податоците од МВР стои различен број од Државниот завод за статистика за 7.105 гласачи. Се поставува прашањето дали станува збор за нераспоредени гласачи, гласачи кои немаат живеалиште и сл. Потребно е да се провери во што е разликата. Членот ги прочита добиените бројки од МВР. Тој нагласи дека ажурирањето на Избирачкиот список се прави секојдневно.
Во врска со забелешката на членот Бедредин Ибраими, тој напомена дека претходно ДИК се има обратено до Министерството за правда во врска со ова прашање. Предлог беше доставен и во врска со гласањето на дијаспората конкретно за избирачките места во странство каде се имаа пријавено многу повеќе гласачи.

За збор се јави членот на ДИК, Игор Милев, кој истакна дека прв пат сега се запознава со тоа дека ДЗС го доставиле избирачкиот список и затоа не сака да расправа по ова прашање. Тој предложи за ова да се дискутира на следната седница за членовите да може соодветно да се подготват.

Претседателот Александар Чичаковски појасни дека веднаш по добивањето на ЦД-то од МВР, истото беше доставено до ДЗС. ЦД-то од ДЗС беше добиено во текот на вчерашниот ден и истото во моментов се обработува од страна на стручната служба. Тој наведе дека ДИК се обрати до Министерството за правда во врска со бројот на гласачи по изборни единици како и за описот на Избирачки места. Се согласи добиениот Избирачки список да биде ставен како точка на дневен ред на следната седница. Во врска со објавувањето на Избирачкиот список на веб страна, потребно беше обраќање до Дирекцијата за заштита на лични податоци од која сеуште се чека мислење. Тој апелираше до ДЗЛП со најголема итност да достави мислење како би можело да се креира соодветна апликација и да се објави Избирачкиот список. Тој праша дали има потреба обраќање до Министерството за правда за измени на Изборниот законик или ова прашање да се остави за следната седница.

За збор се јави членот Силвана Бонева, која истакна дека членовите на работните состаноци разговараат за сите прашања и според неа потребно е прво да се добие Избирачкиот список, па на работно тело да се разгледа ова прашање. Затоа, таа предложи ова прашање да се разгледа на следната седница.

Членот на ДИК, Бедредин Ибраими, укажа дека уште во 2014 година беше укажано дека има потреба од интервенција во делот на изборните единици. За да не се направо пропуст и да се има соодветен број на гласачи по изборни единици, потребно е измена во Изборниот законик. Тој се согласи дека ова прашање треба да биде ставено како точка на дневен ред на следната седница.

**Со оглед на тоа дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја заклучи седницата.**

**8-та седница на ДИК заврши во 15:30 часот**

Број 08-205/2
11.02.2016
Скопје

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Александар Чичаковски

*НАПОМЕНА:*
*Составен дел на овој записник е аудио снимка од седницата*